

## ПО ПОВОД ШЕЕСЕТГОДИШНИНАТА НА ПРОФЕСОРОТ ДИМЧЕ КОЦО

Оваа година навршува шеесет години живот најзначајната личност во науката на македонската историја на уметноста професорот Димче Коцо. Во овој период на својот живот професорот Димче Коцо има остварено големи дела во сите области на активноста поврзани со историјата на уметноста кои заслужуваат да бидат уште еднаш осветлени.

Професорот Димче Коцо е роден во Охрид, градот ризница на нашата историја, каде што од најраните години имал превосходни можности да се запои со македонската средновековна уметност на најзнаменитите македонски споменици. Оттука, сосем е разбирливо и неговото животно определување да студира историја на уметноста. Во овој негов избор тој остана истрајно и свесно, не му попречи дури ни тешката материјална положба што го следеше за сето време на неговото школување. Личноста на професорот Димче Коцо се истакнува веќе од самите почетоци на студирањето,

како забележан одличен студент, којшто пројавува интерес за проблемите на историјата на уметноста.

По дипломирањето професорот Димче Коцо работи како педагог во школи во внатрешноста на нашата земја, а на крајот и во својот град — Охрид, развивајќи ја педагошката страна на својата подготвеност.

Квалитетите на вонредно трудољубива и упорна личност на професорот Димче Коцо особено доаѓаат до израз од 1946 година наваму кога наполно ги ангажира сите свои организаторски способности во многу разновидни акции. Во тие години професорот Димче Коцо исцело ги вложува своите знаења и својата енергија во организирањето на Народниот музеј, прибирајќи уметнички предмети важни за нашата уметност како национално благо. Истовремено професорот Димче Коцо со забележлива далековидост прибира кадрови за стручната работа на музејот и перспективни луѓе коишто во иднина ќе станат квалификувани музејски специјалисти.

Подоцна во 1952—1960 година професорот Димче Коцо уште еднаш раководи со веќе издвоениот Археолошки музеј, токму во моментите на неговата кадровска криза. Во овие години на раководење професорот Димче Коцо постигна во музејската работа забележителни и неповторени резултати. Тоа беше најнапред кадровското квалификување на луѓето од музејот. Токму во овој период музејот се здоби, благодарение на наставничката помош на професорот Димче Коцо, со дипломирани историчари на уметноста. Со вака формираните кадрови професорот Димче Коцо успешно се зафати со задачата за присобирање на музејски материјали, на копии фрески и експонати за идната глиптотека, а пред сѐ со археолошки ископувања. Професорот Димче Коцо беше иницијатор за почеток на научната работа во Археолошкиот музеј, притоа создавајќи и услови за објавување на научните резултати во научната едиција на Археолошкиот музеј, што тој ја покрена и што функционира и денес. Оваа работа во Археолошкиот музеј за професорот Димче Коцо значеше и можност да се ангажира и во музејското друштво каде што пројави многу иницијативи од кои најзабележителна беше покренувањето на научната едиција Гласник на музејско конзерваторското друштво.

Најзначајната, национално и научно најкорисната активност на професорот Димче Коцо што и денес интензивно трае, се одвива во Филозофскиот факултет во Скопје, каде што е тој еден од основачите. Во организацијата на Филозофскиот факултет професорот Димче Коцо ги има вложено своите најдобри години работејќи како продекан и двапати како декан. Тој е првиот и единствениот организатор на катедрата за историја на уметноста и на библиотеката за историја на уметноста, формирана и збогатувана со негови настојувања, па и со лични средства и придонеси.

Меѓу овие разновидни дејности на Филозофскиот факултет секако најмногу внимание заслужува длабоката човечка заинтересираност на професорот Димче Коцо за формирање кадрови — историчари на уметноста. Со постојана самопожртвувана помош на студентите, што траеше сè до нивното запослување и после, професорот Димче Коцо изгради броен кадар на дипломирани историчари на уметноста, денешни кустоси, научни соработници во музеите и галериите и наставници во гимназиите. Со оваа активност во формирањето на кадрови професорот Димче Коцо многу ја има задолжено македонската историја на уметноста.

Како прв и единствен македонски историчар на уметноста професорот Димче Коцо претставуваше вистински пример за упорност во истражувањето на македонските споменици во сета Македонија, особено во охридскиот регион. Овие испитувања на професорот Димче Коцо со плодни резултати во науката се објавени во многу научни публикации. Во овие трудови професорот Димче Коцо внесува нови научни вистини што му е голема заслуга за македонската наука, бидејќи на најтемелен начин поставува нови гледања на македонската уметност и нејзините проблеми од национален карактер. Сите негови трудови заслужуваат вистинско внимание, но просторот позволува да бидат споменати и издвоени само неколку од нив. Меѓу нив се Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон“ и раскопката при „Имерет“ во Охрид; Црквата Св. Софија во Охрид; Nouvelles considetartions sur l'église de Sainte Sophie à Ohrid; Средновековните споменици во Струга и струшко; Неколку нови податоци за средновековните споменици во Македонија; Околу датирањето на црквата Константин и Елена во Охрид; Кој е ктиторот Димитар од Топличкиот манастир; О симболичком значењу појединих мозаика ранохришћанских базилика; Манастир; Проучувањата и археолошките испитувања на црквата на манастирот Св. Наум; Ранохристијанските базилики во областа на Охридското Езеро и многу други.

Оваа забележителна и богата научна активност на професорот Димче Коцо наиде на прав одглас меѓу странските научници не само преку рефератите на интернационалните конгреси туку и во прифаќањето на неговите тези во странство и во нашата земја. За оваа активност професорот Димче Коцо доби и соодветно признание со изборот на Doctor honoris causa на Универзитетот во Безансон и со избирањето за дописен член на Македонската академија на науките и уметностите.

Сиве овие заслужни признанија професорот Димче Коцо ги прими со достоинство на човек потполно свесен за неговата ангажираност во општеството и како поттик за натамошна плодна активност, готов секогаш да даде во животот повеќе отколку што бара тој.

*Константин* ***ПЕТРОВ***